Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП “ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ” - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП “Охридски Комуналец” - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/149**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето и остварените резултати на ЈП„Охридски Комуналец“ - Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2025 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр. 02-1136/4 од 11.08.2025 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-1135/4 од 11.08.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 12032/32**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Јавно претпријатие за
комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр 02-1135/4
11.08.2025 год.
Охрид

Ј.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

Тел: 00 389 46 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
**Жиро сметка: 250000100073168 Дан.бр.: МК 4020989101655**
Депонент: "Шпаркасе Банка"-Скопје

Надзорниот одбор за контрола над материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата 26-та седница одржана на ден 11.08.2025 година,го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Се прифаќа Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04.2025 – 30.06.2025 година.

Ова Мислење да се достави до Управниот Одбор на ЈП„Охридски Комуналец" Охрид.

Надзорен Одбор за контрола над материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид

Претседател
Зоран Симоноски

Јавно претпријатие за комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-1136/4
11.08.2025 год.
Охрид

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 18.08.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04.2025 година до 30.06.2025 година

Член 1

Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид го усвојува Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04.2025 година до 30.06.2025 година.

Член 2

При донесувањето на оваа Одлука Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид го имаше во предвид Мислењето донесено од Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид број 02-1135/4 од 11.08.2025 година.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.04.2025 година до 30.06.2025 година и Мислењето од Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид број 02-1135/4 од 11.08.2025 година.

Член 4

Оваа Одлука да се достави до основачот, Советот на општина Охрид.

Управен Одбор на ЈП Охридски Комуналец Охрид

Претседател Александар Буџакоски

ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД

Јавно претпријатие за комунална дејност "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" Бр. 02-1136/8 11.08.2025 год. Охрид

Тел./Факс:++389 46 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 250-0001000731-68 Даночен бр.: МК 4020989101655
Депонент: Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј
## за остварените резултати од работењето
## на Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД
## за периодот 01. Април – 30. Јуни 2025 год.

Охрид,
Јули 2025 година

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД

***ОСНОВАЊЕ***

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид е локално јавно претпријатие основано од страна на Општина Охрид, организирано за извршување на комунални дејности на територијата на Општина Охрид.

***ДЕЈНОСТ***

Јавното Претпријатие "Охридски Комуналец" – Охрид врши широк спектар на активности кои се сублимирани во следниве основни дејности (националната класификација на дејности):

- 38.11 Собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
- 39.00 Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад;
- 81.30 Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина;

Дејноста и активностите на Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид се регулирани и усогласени согласно законските и подзаконските акти и тоа: Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад, Закон за Јавна чистота и други законски прописи.

Во согласност со Програмата за работа за 2025 год. се определени и планирани начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Охрид и приградските населби, одржување на јавното зеленило, организационо – техничката опременост и финансиски показатели.

При извршувањето на дејностите од јавен интерес јавното претпријатие ги почитува принципите на сигурност во давање на услугите, континуитетот и квалитет на услугата, транспарентност, квалитет на услугата, достапност и универзална услуга и заштита на корисниците.

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид преку разни средства се стреми за развивање на еколошката свест кај локалното население, со цел да им покаже на граѓаните и правните субјекти дека грижата за животната средина треба да добие карактер на економски стимул. Едукацијата на најмладата популација на нашиот град е важен сегмент во нашето работење, за намалување на количеството отпад и зачувување на количеството на отпад и зачувување на човековата околина.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА

Процесот на работа во  Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид е организиран на ниво на Сектори, одделенија и оддели, согласно следните акти:

- Правилник за внатрешна организација на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид бр.02-599/7 од 14.04.2021 година;
- Правилник за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид бр. 02-599/8 од 14.04.2021 година;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 04-2413/1 од 13.12.2021 год.;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 02-514/4 од 06.05.2022 год.;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 03-896/3 од 30.06.2023 год.;
- Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 02-1470/5 од 31.08.2023 година;
- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 02-875/5 од 05.07.2024 година;

Во  Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид постојат следните Сектори:

- **Сектор за Општи, правни работи и човечки ресурси**
  Одделение за Општи и правни работи
  Одделение за човечки ресурси

- **Сектор за Финансии, сметководство и комерција**
  Одделение за сметководство
  Одделение за наплата
    *Оддел инкасанти*
  Одделение за АОП
  Одделение за јавни набавки
    *Оддел за магацинско работење*

- **Сектор за Комунална Хигиена**
  Одделение за услужна хигиена
  Одделение за јавна хигиена
  Одделение за депонирање отпад
    *Оддел – прифатилиште за бездомни животни*

- **Сектор за Паркови и зеленило**
  Одделение за хортикултура
  Одделение за паркови и зеленило

- **Сектор за Механизација**
  Одделение за експлоатација на возен парк
  Одделение за одржување моторни возила

***ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ***

Органи на управување во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид се:

- *Управен Одбор*: составен од 7 члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Охрид;

- *Надзорен Одбор*: составен од 5 члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Охрид;

- *Директор*, кој го именува и разрешува градоначалникот на Општина Охрид.

***БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ***

Во табела е прикажан бројот на вработени за период од 01.Април до 30. Јуни:

| **месец / год.** | **Април** | **Мај** | **Јуни** |
|---|---|---|---|
| **2025** | 299 | 301 | 256 |
| **2024** | 298 | 297 | 297 |

Од вкупниот број на вработени 256 заклучно со 30.06.2025 година 255 вработени се на неопределено работно време, а 1 вработен на определено работно време или по Сектори и одделенија прикажани се во табелата:

| СЕКТОР ЗА ОПШТИ , ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВДСТВО И КОМЕРЦИЈА | | СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | | | | | | СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО | | СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Јавна | | Услужна | | Депонија | | | | | |
| н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. |
| 26 | | 50 | 1 | 47 | | 48 | | 4 | | 35 | | 45 | |

## III. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

* Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид ги има изготвено своите финансиски извештаи врз основа на пресметковна основа (фактурирана реализација).

***- Реализација***

Во табелата на вкупните приходи за пресметковниот период од 01.Април до 30.Јуни 2025 година приходите на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид изнесуваат 46,116,340.00 денари или со индекс од 112% добиен како резултат на споредување на приходите од 2025 година со вкупните приходи од 2024 година за истиот пресметковен период. Вредноста на вкупните приходи е добиена како резултат на зголемувањето или намалувањато на поединечните приходи пооделно во работните единици.

Во вкупната структура на приходи во 2025 година најголемо учество имаат *Приходите од ѓубретарина од граѓани* по основ на услуга, подигање, транспорт и депонирање на комунален смет во вредност од 22,692,725.00 денари; *Приходи од претпријатија* по основ на услугата подигање, транспортирање и депонирање на смет од мали и големи правни лица – редовно и вонредно со вредност од 10,842,323.00 денари; *Приходи од зеленило* со вредност од 3,891,750.00 денари по основ продажба расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид и извршени активности предвидени со Програмата за работа од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило; *Приходи од јавна чистота* во вредност од 3,504,233.00 денари врз основа на извршени активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2025 год., *Приходи од наплата на судски одлуки* во вредност од 2,294,885.00 денари; *Приходи од комунални услуги градежи* на износ од 741,212.00 денари, а се однесуваат за вонредно чистење на просторот од смет како последица на превземени градежни работи; *Приходи од камати* со вредност од 611,456.00 денари итоа приходи по основ камата за неплатени сметки од граѓани и претпријатија; *Приходи од продажба нетековни средства* како старо железо на износ од 420,000.00 денари со Одлука на управен одбор усвоена од Советот на Општина Охрид; *Приходи од наемнина* со вредност од 328,238.00 денари за закуп на деловен простор на кат Градски пазар,закуп на земјиште за поставување антена од Македонски телеком, полигон за полагање возачки испит кај Градските гробишта; *Приходи од субвенции* на износ од 189,202.00 денари ; *Приходи од отпадна хартија* на износ од 127,730.00 денари и други; *Приходи од шут по основ фактури* на износ од 126,660.00 денари; *Приходи од продажба на канти* во вредност од 105,266.00 денари; *Приходи од услуга со транспортно средство* во вредност од 69,596.00 денари по основ ангажирање возило цистерна за миење во комплексот Градски гробишта, ангажирање трактор за подигнување, транспортирање и депонирање кабаст отпад, ангажирање работна машина Хидромек; *Приходи од префактурирање на електрична енергија* на износ од 68,929.00 денари; *Приходи од шут по основ наплата* на износ од 38,492.00 денари; *Приходи по основ ангажирање работници* на износ од 34,100.00 денари и други.

Анализирајќи ја споредбата на приходите од 01.Април до 30.Јуни 2025 год. со приходите од минатата 2024 година се добиваат индекси кои покажуваат

зголемување или намалување на поединечните или вкупните приходи во 2025 год. во однос на минатата 2024 година.

| | ТАБЕЛА ПРИХОДИ | 2025 | | 2024 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вид на приход | износ | Структ. | износ | Структ. | % |
| | **ХИГИЕНА** | | | | | |
| 74000 | Приходи од губретар.од гргани | 22,692,725.00 | *49.21* | 22,187,090.00 | *54.1* | 102 |
| 74011 | Приходи од претпријатија | 10,842,323.00 | *23.51* | 10,276,198.00 | *25* | 106 |
| 74019 | Приходи од јавна чистота | 3,504,233.00 | *7.60* | 2,940,581.00 | *7.2* | 119 |
| | **ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| 74027 | Приходи од зеленило | 3,891,750.00 | *8.44* | 3,012,780.00 | *7.30* | 129 |
| | **МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | | | |
| 74016 | Приходи-Шут | 38,492.00 | *0.09* | 42,865.00 | *0.10* | 90 |
| 74018 | Шут-фактури | 126,660.00 | *0.28* | 68,460.00 | *0.20* | 185 |
| 74028 | Приходи од комунални услуги-градежи | 741,212.00 | *1.61* | 1,007,538.00 | *2.50* | 74 |
| 74050 | Приходи од услуги со транспор.средства | 69,596.00 | *0.15* | 62,752.00 | *0.20* | 111 |
| 74051 | Приходи од ангажирање работници | 34,100.00 | *0.08* | 5,720.00 | *0.02* | |
| 74052 | Приходи од отпадна хартија | 127,730.00 | *0.28* | 55,620.00 | *0.10* | |
| 7440 | Приходи од продажбана нетековни средства како старо железо | 420,000.00 | *0.91* | | | |
| | **ДРУГИ ПРИХОДИ** | | | | | |
| 74013 | Разни други приходи | 13,839.00 | *0.03* | 18,986.00 | *0.05* | 72 |
| 7550 | Приходи од вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 4,706.00 | *0.01* | 4,198.00 | *0.01* | 112 |
| 7671 | Приходи од субвенции | 189,202.00 | *0.41* | | | |
| 74032 | Приходи од продажба канти | 105,266.00 | *0.23* | 41,230.00 | *0.10* | 256 |
| 7699 | Приходи од минати години | | | 1,286.00 | *0.01* | |
| 769990 | Приходи од префактурирање на ел.енергија | 68,929.00 | *0.15* | 85,394.00 | *0.20* | 80 |
| 769991 | Приходи од префактурирање на вода | 8,343.00 | *0.02* | 3,854.00 | *0.01* | |
| 769992 | Приходи од префактурирање на фактури од нискоградба | 2,655.00 | *0.01* | 3,761.00 | *0.01* | 67 |
| 769995 | Приходи од наплата судски одлуки | 2,294,885.00 | *4.98* | 56,587.00 | *0.10* | |
| | **ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | | | | | |
| 7470 | Приходи од наемнина | 328,238.00 | *0.72* | 238,312.00 | *0.60* | 138 |
| | **ПРИХОДИ ОД КАМАТА** | | | | | |
| 77460 | Приходи од камата | 611,456.00 | *1.33* | 921,428.00 | *2.20* | 66 |
| | **Вкупно** | **46,116,340.50** | ***100*** | **41,034,640.00** | ***100*** | **112** |

***- Трошоци на реализација***

** Трошоци на реализација ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурираната реализација.*

** Трошоците кои произлегуваат од комунални услуги се покриваат од услугите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкција и адаптација со која се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.*

Вкупните расходи на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид за пресметковниот период од 01.Април до 30.Јуни 2025 год. изнесуваат 50,790,679.00 денари или со индекс од 100% добиен како резултат на споредување на расходите од 2025 год. со вкупните расходи од 2024 година за истиот пресметковен период. Трошоците се поделени во материјални трошоци; нематеријални трошоци; плати и други трошоци.

Во материјалната група на трошоци спаѓаат:

- *Потрошени резервни делови* во вредност од 2,801,219.00 денари за возилата на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;

- *Трошоците за нафта и гориво* во вредност од 2,410,754.00 денари, а најголем дел се однесуваат на потрошено гориво за возилата на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;

- *Трошоци на амортизација* во вредност од 781,788.00 денари;

- *Други услугите за одржување и заштита* на конто 4139 на износ од 656,619.00 денари, а се однесуваат најмногу за услуги за ангажирање булдожер за ископ земја по договор на депонија Буково и вонредно ангажирање на Багер за депонија Мауцкер;

- *Потрошени суровини и материјали евидентирани на конто 4000* во вредност од 379,702.00 денари, а се однесуваат за набавени цвеќиња, вреќи за отпад, жардињери, хемиски средства за заштита на растенија, жилен и пластичен конец;

-*Трошоци за телефонски услуги* евидентирани на конто 4110 во вредност од 366,940.00 денари по основ на комуникациски услуги, надомест интернет и и телефони на износ од 358,834.00 и 8,106.00 денари на услуги од Пошта;

- *Потрошена електрична енергија* во вредност од 296,022.00 денари по основ потрошена електрична енергија на износ од 224,288.00 и дистрибуцијана ел.енергија на износ од 71,734.00 денари ;

- *Трошоци за вода* на конто 4150 во вредност од 81,376.00 денари, а се однесува на трошоци за вода;

- *Закуп на деловни простории* на конто 4140 на износ од 74,505.00 денари;

- *Трошоци за одводнување и прочистување на отпадни води* во вредност од 55,283.00 денари услуги од Нискоградба *(27,977.00 ден.)* и Колектор *(27,306.00 ден.)*;

- *Трошоци за автогуми* во вредност од 48,584.00 денари;

- У*слугите за одржување и заштита на недвижности* на конто 4134 на износ од 42,300.00 ден., а се однесуваат за одржување софтвер и веб страница;

-*слуги за регистрација на возила* на конто 4190 во вредност од 36,190.00 денари;

*Од Нематеријалните трошоци* најголема ставка се однесува на - *Нотарски услуги* на конто 449053 со износ од 728,833.00 денари;

- *Банкарски услуги и трошоци за платниот промет* на конто 446 во износ од 439,723.00 денари;

- *Трошоци за промоција, пропаганда, реклама* книжени на конто 4170 во вредност од 276,000.00 денари;

- *Адвокатски услуги* на конто 449052 со износ од 224,160.00 денари, а се однесуваат за извршени услуги по Договор за застапување на износ од 90,000.00 ден. и 134,160.00 ден. за изготвување НПН;

- *Трошоци за надомест на членови на Управен Одбор* на конто 4420 во износ од 116,675.00 денари се однесуваат за месечни надоместоци;

- *Трошоци за спорови, административни и судски такси* на износ од 113,127.00 денари;

- *Надомест на штети по спогодби или судско решение* на конто 4684 со износ од 95,998.00 денари ;

- *Консултански, советодавни услуги и сметководствени услуги* книжени на конто 44902 со износ од од 85,500.00 денари;

- *Трошоци за договор за дело* на износ од 80,852.00 денари;

- Трошоци за *Интелектуални услуги* книжени на конто 4490 на износ од 63,483.00 денари;

- *Трошоци за вработените* на конто 4413 со износ од 62,424.00 денари ;

- *Трошоци за надомест на членови на Надзорен Одбор* на конто 4421 во износ од 39,996.00 денари се однесуваат за месечни надоместоци;

- *Трошоци за донации* на износ од 30,000.00 денари донирање во спорт по одлука на Управен одбор;

- *Други трошоци за образование и усовршување на вработените* на конто 4416 со износ од 20,933.00 денари за Друштво од обласка на право и сметководство;

- *Премии за осигурување на имот, транспортни средства* на конто 44501 со износ од 24,146.00 денари и други трошоци.

- *Трошоци за огласување во печатени медиуми* книжени на конто 4494 со износ од од 17,892.00 денари, а се однесуваат на трошоци за Службен весник, објавување огласи за Договори за јавна набавка на веб – локации на Биро за јавни набавки при Министерството за финасии и огласи во дневни весници;

На износ од 39,704,847.00 денари книжени на конто 420 пресметани се *Платите и надоместоците на плати* за вработените во Ј.П."Охридски Комуналец"- Охрид;

*Трошоци за вработените при заминување во пензија* книжени на конто 4220 во вредност од 407,963.00 ден.;

*Трошоци за дадена помош на вработените* книжени на конто 4228 во вредност од 10,000.00 ден..

*Камата од работење со поврзани субјекти* во вредност од 68,822.00 денари на име казнена камата.

| | ТАБЕЛА РАСХОДИ | 2025 | 2024 | Индекс |
|---|---|---|---|---|

| | Вид на трошок | износ | структ ура | износ | структ ура | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 4000 | Потрошен основен мат-јал и суровини | 379,702.00 | *0.75* | 1,124,563.00 | *2.2* | 34 |
| 4030 | Потрошена електрична енергија | 296,022.00 | *0.59* | 355,007.00 | *0.7* | 83 |
| 4031 | Потрошена топлотна енергија | | | | | |
| 4032 | гориво за моторни возила | 2,410,754.00 | *4.75* | 3,007,218.00 | *5.9* | 80 |
| 4050 | Потрошени резервни делови за сервисни услуги | 2,801,219.00 | *5.52* | 1,380,620.00 | *2.7* | 203 |
| 4072 | Трошоци за автогуми | 48,584.00 | *0.10* | 62,584.00 | *0.1* | 77 |
| 4109 | останати транспортни услуги | 40,000.00 | *0.08* | 120,926.00 | *0.2* | 216 |
| 4110 | Телефонски и поштенски услуги | 366,940.00 | *0.73* | 255,259.00 | *0.5* | 144 |
| 4128 | Останати надворешни услуги | | | 133,600.00 | *0.3* | |
| 4130 | Услуги за тековно и инвестиционо одржување на недвижности, постројки и опрема | | | 61,500.00 | *0.1* | |
| 4132 | Услуги за одржување хигиена | 824.00 | | 15,739.00 | | 5 |
| 4134 | Услуги за одржување на софтвер и веб страна | 42,300.00 | *0.09* | 82,200.00 | *0.2* | 51 |
| 4136 | Услуги за сервис и одржување на мотор. возила (патнички товарни и сл.) | 7,156.00 | *0.02* | 102,940.00 | *0.2* | 7 |
| 4139 | Други услуги за одржување и заштита | 656,619.00 | *1.30* | 50,539.00 | *0.1* | 872 |
| 4140 | Кирија - закуп на деловни простории во земјата | 74,505.00 | *0.15* | 54,561.00 | *0.1* | 137 |
| 4150 | Трошоци за вода | 81,376.00 | *0.16* | 79,841.00 | *0.2* | 103 |
| 4153 | Трошоци за одводнување и прочистување на отпадни и атмосферски води | 55,283.00 | *0.11* | 36,559.00 | *0.1* | 153 |
| 4158 | Ветеринарни, санитарни и сл. услуги | | | 211,108.00 | *0.4* | |
| 4190 | Услуги за регистрација на возила | 36,190.00 | *0.07* | 43,919.00 | *0.1* | 84 |
| 4194 | Услуги за контрола на квалитет,атестирање на добра и услуги | | | 21,600.00 | | |
| 4300 | Амортизација на нематеријални средства, недвижности и опрема | 781,788.00 | *1.54* | 840,084.00 | *1.7* | 93 |
| | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 4400 | Дневници за службени патувања | 8,199.00 | *0.02* | 5,350.00 | | |
| 4413 | Трошоци за организирана исхрана во текот на работата | 62,424.00 | *0.13* | 127,001.00 | *0.3* | 50 |
| 4415 | Трошоци за задолжителни систематски лекарски прегледи | | | 1,000.00 | | |
| 4416 | Трошоци за образование и усовршување | 20,933.00 | *0.04* | 400.00 | | |
| 4418 | ПОДАРОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ | | | | | |
| 4420 | Трошоци за надомест и други примања на членови на управен одбор | 116,675.00 | *0.23* | 83,340.00 | *0.2* | 140 |
| 4421 | Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор | 39,996.00 | *0.08* | 49,995.00 | *0.1* | 80 |
| 4430 | трошоци за спонзорства во земјава | | | 45,000.00 | *0.1* | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4433 | Донации во земјата за спортски, културни, образовни, здравствени и слични дејности, заштита на животна околина, невладини организации и сл. | 30,000.00 | 0.06 | | | |
| 4440 | Трошоци за репрезентација | 3,777.00 | *0.01* | 5,423.00 | | 60 |
| 4170 | Рекламирање и пропаганда преку електронски и печатени медиуми | 276,000.00 | *0.55* | 398,000.00 | *0.8* | 69 |
| 4451 | Премии за осигурување на имот, транспортни средства | 24,146.00 | *0.05* | 26,110.00 | | 92 |
| 4460 | банкарски услуги и трошоци за платен промет | 439,723.00 | *0.87* | 386,847.00 | *0.8* | 114 |
| 4473 | Членарини | 39,800.00 | *0.08* | 41,000.00 | *0.1* | 95 |
| 4490 | Интелектуални услуги | 63,483.00 | *0.13* | 3,076.00 | | |
| 4497 | Трошоци на извршител | 48,267.00 | *0.10* | | | |
| 44901 | Трошоци за договор на дело | 80,852.00 | *0.16* | | | |
| 44902 | Консултантски, советодавни и сметководствени услуги | 85,500.00 | *0.17* | 118,500.00 | *0.2* | 72 |
| 449052 | Адвокатски услуги | 224,160.00 | *0.45* | 292,718.00 | *0.6* | 77 |
| 449053 | Нотарски услуги | 728,833.00 | *1.44* | 228,373.00 | *0.5* | 319 |
| 4494 | Трошоци за огласување во печетени медиуми (за слободни работни места,објава на финансиски извештаи и сл., освен реклама | 17,892.00 | *0.04* | 57,948.00 | *0.1* | 30 |
| 4684 | Надомест на штета на други правни и физ.лица по спогодба или судско реше. | 95,998.00 | *0.19* | | | |
| 4690 | Трошоци за спорови, административни и судски такси | 113,127.00 | *0.23* | 2,112.00 | | |
| 4692 | Расходи од ефекти од промена на сметководствена политика и исправени грешки од претходна година | | | 22,090.00 | | |
| | **ПЛАТА** | | | | | |
| 4200 | Плата и надоместоци на плата-нето | 39,704,847.00 | *78* | 37,526,775.00 | *74* | 106 |
| | | | | | | |
| 4220 | трошоци за вработените за отпремнина при заминување во пензија | 407,963.00 | *0.81* | 250,365.00 | *0.5* | 162 |
| 4228 | Трошок за дадена помош за вработени | 10,000.00 | *0.02* | 89,542.00 | *0.2* | 11 |
| | **ДРУГО** | | | | | |
| 4746 | Казнена камата | 68,822.00 | *0.14* | 2,772,900.00 | *5.5* | 2 |
| | **Вкупно** | **50,790,679.00** | **100** | **50,574,232.00** | ***100*** | **100** |

## IV. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА НАПЛАТАТА ПО ОСНОВ НА УСЛУГАТА – ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ЗА ФИЗИЧКИ И МАЛИ ПРАВНИ ПРАВНИ ЛИЦА

Сметките за физички лица, како и фактурите за мали правни се изготвуваат и дистрибуираат до корисниците во рамките на активностите и задолженијата на вработените во Одделение за Наплата.

Во пресметковниот период од 01. Април до 30. Јуни 2025 год. доставени се 86695 сметки односно вкупната вредност на задолжени сметки по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на смет од граѓани изнесува 28,760 (во илјада денари). Во прегледот поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени сметки и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА 2025 год.**

| ***Месец*** | ***задолжение*** | | | | ***вкупна наплата*** | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. Сметки* | | *Износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2025)* |
| | *2024* | ***2025*** | *2024* | ***2025*** | 2024 | ***2025*** | 2024 | ***2025*** | |
| IV | 28419 | *28855* | 9,556 | *9,533* | 24466 | *25555* | 8,145 | *8,544* | *90* |
| V | 28455 | *28913* | 9,331 | *9,615* | 25297 | *27362* | 8,322 | *9,178* | *96* |
| VI | 28518 | *28927* | 9,457 | *9,612* | 26167 | *28448* | 8,535 | *9,337* | *97* |
| ***Вкупно*** | 85392 | ***86695*** | 28,344 | ***28,760*** | 75930 | ***81365*** | 25,002 | ***27,059*** | ***94*** |

Вкупниот број на наплатени сметки изнесува 81365, а вкупната вредност од наплата на сметки по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 27,059 (во илјада денари) односно со индекс од 94%. Најголема наплата на сметки е остварена во месец Јуни 2025 година во вредност од 9,337 (во илјада денари) со индекс од 97%.

До малите правни лица кои својата дејност ја обавуваат на територија на Општина Охрид, по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на отпад, доставени се 5136 фактури, а вкупното задолжение изнесува 10,456 (во илјада денари). Во прегледот подолу поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени фактури и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА МАЛИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА 2025 год.**

| *Месец* | *задолжение* | | | | *вкупна наплата* | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. фактури* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. фактури* | | *износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2025)* |
